ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА

03 2022 01 02

Скопје, ноември 2022 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 11 |
| Финансиски извештај за 2021 и 2020: | |
| Биланс на приходи и расходи | 12 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансискиот извештај | |
| - Вовед | 13 |
| - Сметководствени политики | 13 - 14 |
| - Образложенија кон финансискиот извештај | 14 - 16 |
| Прилози | |
| Прилог 1 – Забелешки на Нацрт извештај | |
| Прилог 2 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај | |

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија
МФ – Министерство за финансии
ОЛАФ – Европската канцеларија за борба против измама
ИПА – Инструмент за претпристапна помош
РБСМ - Развојна банка на Северна Македонија
ЕИБ - Европската инвестициона банка

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:1-990/5

Дата: 10.11.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансискиот извештај на Министерство за финансии – Функции на државата (во натамошниот текст Функции на државата) на сметката на основен буџет (637) за 2021 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2021 година, изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансискиот извештај на Министерство за финансии – Функции на државата за 2010 година и изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и мислење со резерва за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Од причина што од извршената ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходните ревизии не беа предмет на проверка.

Со извршената ревизија констатиравме дека на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги исплатени се средства за следење на изборите во 2021 година, кој начин на финансирање е уреден во Изборниот законик. Констатиравме дека во Законот на извршување на буџетот за 2021 година не е предвидено дека средствата за финансирање на активностите на Агенцијата за изборите во 2021 година ќе се исплатат преку Министерство за финансии – Функции на државата.

За утврдената состојба дадена е препорака со цел преземање мерки за надминување на истата.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се следниве состојби:

- во завршната сметка на разделот МФ - Функции на државата за 2021 година евидентирани се расходи во вкупен износ од 14.005.393 илјади денари за отплата на камата и главнина по основ на домашен долг и за други трошоци. Преостанатите средства во износ од 46.239.005 илјади денари, од кои над 70% се исплатени за отплата на странскиот долг на РСМ, се искажани во Завршната сметка на Основен буџет на РСМ, а не во завршната сметка на МФ-Функции на државата и
- во рамки на спроведување на помошта според ИПА, во 2016 година од страна на ОЛАФ спроведена е истрага за фирма-добавувач и согласно извештајот од 2019 година, констатирано е дека РСМ треба да изврши поврат на исплатените средства за два договори од ИПА делот, за што во текот на 2021 година, врз основа на Одлука на Владата на РСМ, од разделот МФ – Функции на државата извршен е поврат на средствата кон Европската Комисија, во износ од 108.229 илјади денари.

  Во текот на 2020, 2021 и 2022 година МФ има преземено активности за известување и доставување на целокупната документација во врска со настаната состојба до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и до Државниот правобранител на РСМ, со цел спроведување на постапки за поврат на средствата во Буџетот на РСМ.

Во делот на Останати прашања ја истакнуваме состојбата која се однесува на потребата од доуредување на Законот за Развојната банка на Северна Македонија односно допрецизирање на член 13, во насока на регулирање на правото на субвенционирање на камата од средства од Буџетот на РСМ, при задолжување на РБСМ кај надворешни кредитори.

Од страна на раководното лице на Министерството за финансии доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и оценето е дека истите преставуваат известување за утврдените состојби и дадените препораки, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на ревизијата.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страна 12 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии – Функции на државата на сметката на основен буџет (637) на билансот на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансискиот извештај на Министерство за финансии – Функции на државата за 2010 година и изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и мислење со резерва за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Министерство за финансии – Функции на државата застапувано од:

- д-р Фатмир Бесими, министер за финансии од 30.08.2020 година[1].

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај кој што е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

1 Одлука за избор на Влада на РСМ број 08-2744/1 од 30.08.2020 година

информации рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансискиот извештај. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај земен како целина е ослободен од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансискиот извештај и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната

законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е заснован врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.05.2022 до 30.06.2022 година кај Министерство за финансии – Функции на државата од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансискиот извештај на Министерство за финансии – Функции на државата за 2010 година и изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и мислење со резерва за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Од причина што од извршената ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходните ревизии не беа предмет на проверка.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 05.09.2022 година.
На ден 03.11.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот од одговорното лице на Министерството, број 11-990/2 од 22.09.2022, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-990/4 од 03.11.2022 година. Забелешките се разгледани од овластениот државен ревизор при што е констатирано дека забелешките на точките 4.1.1 и 6.2., претставуваат известување за состојбите, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на ревизијата.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Со Законот за извршување на Буџетот на РСМ на годишно ниво се уредува начинот на користење на средствата од раздел 090.02 – МФ – Функции на државата, кои се исплаќаат без одобрување на финансиски план.

Во текот на 2021 година, врз основа на одлука на Владата на РСМ[2], преку разделот МФ - Функции на државата исплатени се средства во износ од 5.379 илјади денари на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за следење на изборите за членови на советите на општините и Советот на град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје, имајќи предвид дека во член 76-г од Изборниот законик уредено е дека за исполнување на законските обврски на Агенцијата, финансиски средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на РСМ, кои се исплаќаат на посебна сметка на Агенцијата.

Констатиравме дека во Законот на извршување на буџетот за 2021 година[3] не е уредено дека за финансирање на активностите на Агенцијата за погоре наведените избори во 2021 година ќе се користат средствата од раздел 090.02 – Министерство за финансии – Функции на државата.
Ваквиот начинот на финансирање на Агенцијата влијае трансферирање на средствата без јасно дефинирање на начинот на планирање, одобрување и исплата на средствата за оваа намена.

Препорака:
Одговорното лице на МФ да преземе мерки и активности за доуредување на начинот на исплата на средствата од Буџетот на РСМ за финансирање на законските обврски на Агенцијата за време на изборен процес.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансискиот извештај

Според наше мислење, финансискиот извештај ги прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

[2] Одлука број 40-9467/1 од 14.9.2021 година
[3] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 307/20 и 171/21 година

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Со Закон за извршување на Буџетот на РСМ, кој се носи за секој годишен буџет, меѓу другото, се уредува и начинот на користење на средствата од раздел МФ – Функции на државата. Во текот на 2021 година од Основниот буџет на РСМ, раздел МФ - Функции на државата исплатени се средства во вкупен износ од 60.244.398 илјади денари.

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2021 година[4] е уредено дека исплатата на средствата од разделот МФ - Функции на држава се врши без одобрување на финансиски план со Одлуки на Владата на РСМ и со финансиски план (право на трошење) кога средствата се одобруваат на друг буџетски корисник.

Во текот на 2021 година средствата се користат по следните основи:

- за финансирање на проектите од одделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од Европската Унија, освен средствата за национално кофинансирање на петтата компонента од ИПА - Рурален развој), за што исплатени се средства во износ од 102.794 илјади денари,
- за други трошоци (трошоци за провизии за извршени отплати од девизна сметка за надворешен долг, плаќање по гаранции на државата согласно склучени договори за задолжување во странство) за што исплатени се средства во износ од 8.662.213 илјади денари и
- за отплата на камата и главнина по основ на странски и домашен долг, за што исплатени се средства во износ од 51.479.391 илјади денари, од кои 42.330.340 илјади денари за странски долг и 9.149.051 илјади денари за домашен долг,

прикажано во графиконот подолу:




[4] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 307/20 и 171/21 година

Од извршениот увид на сметководствената евиденција и доставената документација за извршените расходи за износ од 60.244.398 илјади денари, ревизијата ги констатира следните состојби:

- во завршната сметка на разделот МФ - Функции на државата за 2021 година (Билансот на приходи и расходи) евидентирани се расходи во вкупен износ од 14.005.393 илјади денари, и тоа по следните основи:
  - ✓ за отплата на камата и главнина по основ на домашен долг, за што исплатени се средства во износ од 9.149.052 илјади денари и
  - ✓ за други трошоци, за што исплатени се средства во износ од 4.856.341 илјади денари.
- преостанатите исплатени средства од разделот МФ - Функции на државата во износ од 46.239.005 илјади денари не се искажани во завршната сметка на МФ-Функции на државата, а се исплатени по следните основи:
  - ✓ за финансирање на проектите од одделните компоненти од ИПА, во износ од 102.794 илјади денари, преку разделите на одделни буџетски корисници и истите се искажани како расходи во завршните сметки на одделните буџетски корисници. При изработката на Завршната сметка на Буџетот на РСМ овие средства се искажуваат во разделот на МФ - Функции на државата, од причина што истите во Буџетот на РСМ се планирани во разделот на МФ - Функции на државата,
  - ✓ за отплата на камата и главнина по основ на странски долг, средства во износ од 42.330.340 илјади денари и за други трошоци, средства во износ од 3.805.372 илјади денари.

    Согласно член 24 од наведениот закон уредено е дека овие средствата се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена (без оглед на планираниот буџет за оваа намена). Средствата се искажани во завршните сметки на одделните буџетски корисници и не се искажани во завршната сметка на МФ-Функции на државата.

Причина за наведената состојба е воспоставениот апликативен софтвер, изработен во 2002 година како и воспоставената пракса исплатите кон странство кои се вршат од девизната сметка на МФ за отплата на надворешен долг на РСМ, да се прикажуваат директно во Завршната сметка на Основен Буџет на РСМ, на раздел МФ - Функции на држава, како и во Завршната сметка на Буџетот на РСМ.

Имајќи го предвид член 3 од Законот за буџетите каде е утврдена потребата од транспарентност на постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на РСМ, како и потребата од транспарентност на користењето на средствата од страна на буџетските корисници, сметаме дека сите приходи и расходи, како и на сите други приливи и одливи треба да бидат евидентирани во завршните сметки на буџетските корисници, согласно наплатата односно исплатата од соодветните раздели во Буџетот на РСМ.

Наведеното е во прилог на непречена примена на Предлог Законот за буџетите во иднина, во кој е предвидено дека Завршната сметка на Буџетот на државата, како акт со кој се прикажува реализацијата на буџетот, содржи и Финансиски извештај за извршување на Буџетот, кој ја следи структурата и содржината на буџетот и за чие изготвување ќе треба да се врши консолидација на планираните и реализираните приливи и одливи на сите буџетски корисници односно на сите предвидени раздели во Буџетот на РСМ.

6.2. Согласно член 29 став 1 од Рамковната спогодба помеѓу РСМ и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за РСМ во рамки на спроведување на помошта според ИПА склучена на 30.10.2007 година, секој докажан случај на неправилност или на измама, откриен во кој било период додека се спроведува помошта според ИПА или како резултат на некоја ревизија, ќе води кон враќање на средствата од Корисникот (РСМ) на Европската комисија.
Во 2016 година од страна на Европската канцеларија за борба против измама, ОЛАФ, спроведена е истрага за фирма-добавувач, која има склучено два договора[5] во рамките на децентрализираниот систем за управување со ИПА. Истрагата е финализирана во 2019 година и е издаден финален извештај, во кој е констатирано дека РСМ треба да изврши поврат на вкупно исплатените средства за двата договори од ИПА делот, во вкупен износ од 1,754 милиони евра. Истакнуваме дека од Буџетот на РСМ на фирмата-добавувач исплатени се дополнителни 194.916,88 евра како национално ко – финансирање.
Поради утврдените нерегуларности од страна на ОЛАФ во текот на 2021 година врз основа на Одлука на Владата на РСМ[6] од разделот МФ – Функции на државата извршен е поврат на средствата кон Европската Комисија во износ од 108.229 илјади денари односно 1,754 милиони евра.

Согласно член 29 од погоре наведената Рамковната спогодба, РСМ исплатените средства кон Европската комисија треба да ги наплати од оние кои извршиле измама или добиле корист од истата согласно одредбите пропишани во националните закони. Во текот на 2020, 2021 и 2022 година МФ има преземено активности за известување и доставување на целокупната документација во врска со настанатата состојба до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и до Државниот правобранител на РСМ, со цел спроведување на постапки за поврат на средствата во Буџетот на РСМ, по што од страна на Основниот кривичен суд поведена е кривична постапка.

[5] Договор за Техничка помош на МИОА и зајакнување на имплементацијата на националниот систем за координација на обуки, број 10-14592/1 од 14.04.2013 година, финансиран преку Програмата ТАИБ 2009 чиј корисник е МИОА и Договор за Имплементација на регулативата за взаемно признавање на професионалните квалификации, број 12-8617/1 од 19.11.015 година, финансиран преку Програмата ТАИБ 2011 чиј корисник е МОН

[6] Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година број 40-9281/1 од 21.9.2021 година

Во текот на ревизијата од страна на Министерството за финансии преземени се активности и доставено е писмо до Државното правобранителство на Република Северна Македонија број 10-6188/1 од 14.09.2022 година, со кое побарана е информација за статусот на постапката.

Ревизијата смета дека потребно е:

- обезбедување на договорите за техничка помош, во насока на склучување на акти/договори со корисниците на помошта, со извршна клаузула со сила на нотарски акт, со што ќе се обезбеди непречен поврат на средства во Буџетот на РСМ, во случај кога по констатирани неправилности или измами, откриени од страна на Европската канцеларија за борба против измама ОЛАФ, средствата кон Европската Комисија се вратени од Буџетот на РСМ и
- да се интензивира меѓусебната комуникација и координација помеѓу надлежните институции, со цел реализација на активности за поврат на средствата во Буџетот на РСМ и утврдување одговорност за настаната состојба.

## 7. Останати прашања

7.1. Во член 10 од Законот за Развојната банка на Северна Македонија (поранешна Македонската банка за поддршка на развојот)[7] уредени се основните задачи односно надлежности на РБСМ за поддржување и поттикнување на развојот на македонското стопанство, за чие извршување се обезбедуваат средства по пат на задолжување во земјата и странство и со издавање на должнички хартии од вредност во согласност со закон.

Во текот на 2021 година, од страна на МФ на РБСМ префрлени се средства во износ од 38.454 илјади денари, за субвенционирање на каматата која ја должи РБСМ кон Европската инвестициона банка за Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - 4 и 5 фаза. За наведениот проект, од страна на Собранието на РСМ донесени се два закони за гаранција[8] на обврските по склучените финансиски договори меѓу РБСМ и ЕИБ во 2014 и 2020 година.

[7]„Службен весник на Република Македонија“ број 105/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 77/21

[8]Закон за гаранција на РМ на обврските по Финансискиот договор за обезбедување на заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - IV фаза, кој ќе се склучи меѓу ЕИБ и МБПР (Службен весник на Република Македонија број 188/13 и Закон за гаранција на РМ на обврските по Финансискиот договор за обезбедување на заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - V фаза, кој ќе се склучи меѓу ЕИБ и МБПР (Службен весник на Република Македонија број 163/18)

Средствата се префрлени за субвенционирање на каматата за наведениот заем, врз основа на Одлуки на Владата на РСМ[9] и Договори[10], склучени меѓу МФ и РБСМ, повикувајќи се на член 13 од Законот за РБСМ. Во наведениот член уредено е дека за реализација на проекти и програми на Владата на РСМ, РБСМ одобрува кредити, кредити со субвенционирана каматна стапка и издава гаранции од Гарантен фонд, а Владата на РСМ и РБСМ склучуваат договор во кој се утврдуваат условите под кои ќе се одобруваат кредитите, износот на средствата, начинот на нивно обезбедување и пренесување на РБСМ, како и договор во кој ќе се утврдат условите под кои ќе се издаваат гаранциите од Гарантниот фонд.

Имајќи го предвид членот 3 во горенаведените закони за гаранција во кој е уредено дека сите финансиски обврски кои произлегуваат од финансиските договори меѓу РБСМ и ЕИБ, како и сервисирањето на заемот ќе ги намирува РБСМ од приходите кои ги остварува, ревизијата смета дека потребно е доуредување односно допрецизирање на членот 13 од Законот за РБСМ во насока на регулирање на правото на субвенционирање на камата од средства од Буџетот на РСМ, при задолжување на РБСМ кај надворешни кредитори.

[9]Одлука за субвенционирање на каматата која произлегува од финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – IV фаза склучен меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија“ број 21/14) и Одлука за субвенционирање на каматата која произлегува од финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – V фаза склучен меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје, како и пресметаната камата од страна на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје (Службен весник на Република Северна Македонија, број 88/20

[10]Договор за субвенционирање на камата која произлегува од финансиски договор за обезбедување на заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - 4 фаза број 14-5997/3 од 30.04.2014 година и Договор за субвенционирање на камата која произлегува од финансиски договор за обезбедување на заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - 5 фаза, како и пресметаната камата од страна на РБСМ број 15-3521/1 од 23.04.2020 година

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 14.005.393 | 31.504.719 |
| **Вкупно приходи** | | **14.005.393** | **31.504.719** |
| | | | |
| Расходи | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.1. | 93.478 | 126.252 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 30.501 | 86.389 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | 3.2.3. | 2.238.000 | 2.343.000 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 3.177.822 | 3.024.572 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 746.100 | 253.198 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **6.285.901** | **5.833.411** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.2.6. | **1.596.344** | **854.774** |
| | | | |
| **Отплата на главница** | 3.2.7. | **6.123.148** | **24.816.534** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **14.005.393** | **31.504.719** |

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP
03.11.2022
11-990/4

**Архивски број:09-6456/2**

**Датум:** 03 -11- 2022 **2022 година**

**До:Државен завод за ревизија Скопје**

**Предмет: Мислење по Нацрт извештај за извршената ревизија на финансиски извештај и ревизија на усогласеност на Министерсво за финансии - Функции на државата за 2021 година**

**Врска: Ваш бр. 11-990/3 од 22.09.2022 година**

**Почитувани,**

Во врска со Нацрт извештајот за извршената ревизија на Финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерство за финансии - функции на државата, Министерство за финансии ги дава следните забелешки:

Во врска со констатираната состојба и дадената препорака во точка 4.1.1 која се однесува на исплатените средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за следење на изборите за членови на советите на општините и Советот на град Скопје би сакале да истакнеме дека средствата во Разделот 09002-Министерство за финансии - функции на државата

**Numër arkivi:09-6456/2**

**Data: 2022**

**Drejtuar: Entit Shtetëror të Revizionit Shkup**

**Lënda: Mendim lidhur me Propozim raportin për revizionin e kryer të raporteve financiare dhe revizionin e harmonizimit të Ministrisë së Financave – Funksionet e shtetit për vitin 2021**

**Lidhur me: Numrin tuaj 11-990/3 të datës 22.09.2022**

**Të nderuar,**

Në lidhje me Propozim raportin për revizionin e kryer të raporteve financiare dhe revizionin e harmonizimit për vitin 2021 të Ministrisë së Financave - Funksionet e shtetit, Ministria e Financave jep vërejtet e mëposhtme:

Në lidhje me gjendjen e konstatuar dhe rekomandimin e dhënë në pikën 4.1.1, që i referohet mjeteve financiare të paguara ndaj Agjencisë së Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuale për monitorimin e zgjedhjeve për anëtarët e këshillave të komunave dhe Këshillit të Qytetit të Shkupit, dëshirojmë të theksojmë se mjetet financiare në Ndarjen 09002 – Ministria e Financave – Funksionet e shtetit, shfrytëzohen për financimin e detyrimeve dhe funksioneve të

се користат за финансирање на обврските и функциите на државата.

Имајќи предвид дека согласно член 76-г од Изборниот законик е уредено дека за исполнување на законските обврски на Агенцијата се обезбедуваат средства од Буџетот на Република Северна Македонија, извршената исплата од Разделот 09002 Министерство за финансии-функции на државата е законска и извршена согласно одредбите од Изборниот законик.

Истовремено цениме дека е прифатлива дадената препорака за доуредување на начинот на исплата на овие средства, во насока на поголема транспарентност на извршениот трансфер. Ова прецизирање би се направило преку интервенции во Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија или со трансферирање на средствата преку Разделот на Државната изборна комисија, која е надлежен орган за спроведување на изборните активности и спроведување на изборниот процес.

Министерство за финансии во однос на препораката наведна во точка 6.2 од Нацрт Извештајот за спроведената финансиска ревизија и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерство за финансии - Функции на држава ја дава следната забелешка:

Во согласност со член 23 (4) од

shtetit.

Duke pasur parasysh se në përputhje me nenin 76-g të Kodit zgjedhor, ku rregullohet aspekti i sigurimit të mjeteve financiare nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut për plotësimin e detyrimeve ligjore të Agjencisë, me ç'rast pagesa e realizuar nga Ndarja 09002 – Ministria e Financave – Funksionet e shtetit, është në përputhje me ligjin dhe sipas dispozitave të Kodit zgjedhor.

Njëkohësisht, vlerësojmë se rekomandimi i dhënë për rregullimin e mëtejshëm të mënyrës së pagesës së këtyre mjeteve, sa i përket transparencës më të madhe të transferimit të kryer, është i pranueshëm. Saktësimi do të kryhet me intervenim në Ligjin e Realizimit të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë së Veriut ose me transferim të mjeteve financiare, që i referohen Ndarjes – Komisioni Shtetëror Zgjedhor, që është organi kompetent për zbatimin e aktiviteteve zgjedhore dhe zbatimin e procesit zgjedhor.

Ministria e Financave, sa i përket rekomandimit të përmendur në pikën 6.2. të Propozim raportit për revizionin e kryer financiar dhe revizionin e harmonizimit për vitin 2021 të Ministrisë së Financave – Funksionet e shtetit, jep vërejtjen në vijim:

Në përputhje me nenin 23 (4) të

Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската Комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на европската комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според инструментот за претпристапна помош (ИПА) објавен во Сл. Весник на Р. Македонија, бр.18 од 05.02.2008 година е наведено дека:

Сите услуги, набавки и договори за работа и спогодби за грантови се доделуваат и спроведуваат во согласност со постапките и стандардните документи кои се утврдени и објавени од страна на Комисијата за спроведување на надворешните акции кои се во сила во времето на отпочнување на постапката во прашање, освен ако поинаку не е предвидено со секторските или финансиските спогодби.

Во согласност со оваа одредба сите договори кои ги склучува Секторот за централно финансирање и склучување на договори (во понатамошните текст ЦФЦД) кој ја има улога на договорен орган за договорите финансирани од ИПА. Согласно член 9 од Уредбата за утврдување на односите и структурите во рамки на системот за индиректно управување со средствата од ИПА, при подготовка на тендерските досиеја, објавувањето на тендерите и склучувањето на договорите, има

Marrëveshjes kornizë ndërmjet Republikës së Maqedonisë dhe Komisionit Europian lidhur me rregullat e bashkëpunimit sa i përket ndihmës financiare të Komisionit Europian për Republikën e Maqedonisë, në kuadër të zbatimit të ndihmës sipas instrumentit për ndihmë paraaderuese (IPA), publikuar në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë nr.18 të datës 05.02.2008, është theksuar se:

Të gjitha shërbimet, prokurimet dhe marrëveshjet e punës dhe marrëveshjet e granteve ndahen dhe realizohen në përputhje me procedurat dhe dokumentet standarde, që janë përcaktuar dhe publikuar nga Komisioni për realizimin e aksioneve të jashtme, që janë në fuqi në periudhën e inicimit të procedurës në fjalë, përveç nëse nuk është përcaktuar ndryshe me marrëveshjet sektoriale ose financiare.

Në përputhje me këtë dispozitë, të gjitha marrëveshjet që i nënshkruan Sektori i financimit qendror dhe lidhjes së marrëveshjeve (në tekstin në vijim: CFCD), që ka rolin e organit kontraktues për marrëveshjet që financohen nga IPA. Në përputhje me nenin 9 të Rregullores për përcaktimin e marrëdhënieve dhe strukturave në kuadër të sistemit të menaxhimit indirekt me mjetet IPA, gjatë hartimit të dosjeve të tenderit, publikimit të tendereve dhe lidhjes së marrëveshjeve, CFCD-ja ka për detyrë që t'i respektojë procedurat dhe

обврска да ги почитуваат процедурите и обрасците на договорите утврдени во практичниот водич за спроведување на надворешните акции (ПРАГ), кои се во сила во времето на отпочнување на постапката во прашање. Во ПРАГ се утврдени обрасците за договорите (општите и посебните услови) и ЦФЦД како договорен орган не може да прави измени на овие обрасци кои се пропишани од страна на Европската Комисија и важат за сите земји кои не се членки на Европската унија а користа помош од ИПА или други видови на помош од ЕУ.

formularët e marrëveshjeve të përcaktuara në udhëzuesin praktik lidhur me zbatimin e aksioneve të jashtme (PRAG), që janë në fuqi në periudhën e inicimit të procedurës në fjalë. Në PRAG janë përcaktuar formulat e marrëveshjeve (kushtet e përgjithshme dhe të veçanta) dhe CFCD-ja, si organ kontraktues, nuk mund t'i ndryshojë formularët në fjalë, sepse ato janë përcaktuar nga Komisioni Europian dhe vlejnë për të gjitha vendet që nuk janë anëtare të Bashkimit Europian, por shfrytëzojnë ndihmën e IPA-s ose llojet e tjera të ndihmës së BE-së.

Дополнително согласно одлуката за пренос на надлежностите за децентрализирано управување со средствата од ИПА за Периодот 2007-2013 сакаме да истакнеме дека сите документи вклучително и договори и анекси на договори се предмет на (ex ante) претходно одобрување од страна на Делегацијата на ЕУД во Република Северна Македонија.

Gjithashtu, sipas vendimit për transferimin e kompetencave sa i përket menaxhimit të decentralizuar me mjetet nga IPA për periudhën 2007-2013, dëshirojmë të theksojmë se të gjitha dokumentet, duke përfshirë edhe marrëveshjet dhe anekset e marrëveshjeve, të cilat i nënshtrohen (ex ante) me miratim paraprak të Delegacionit të BE-së në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Исто така укажуваме дека доколку во договорите кои Сектор за централно финансирање и склучување на договори ги има склучено во рамки на ИПА, се утврди одредена нерегуларност, измама или претплата, во согласност со внатрешните постапки за работа кои се одобрени и акредитирани од страна на Европската Комисија,

Gjithashtu, theksojmë se nëse në marrëveshjet e nënshkruara nga Sektori i financimit qendror dhe lidhjes së marrëveshjeve në kuadër të IPA-s, konstatohet ndonjë parregullsi, mashtrim ose parapagesë e caktuar, në përputhje me procedurat e brendshme të punës që janë aprovuar dhe akredituar nga Komisionit Europian, CFCD-ja i lëshon kërkesë për kthim të mjeteve

ЦФЦД, издава барање за поврат на средства до компанијата/невладината организација со доброволен рок за поврат на средствата од 45 дена.

Доколку компанијата/невладината организација, не ги врати средствата во доброволниот рок утврден во договорот и во барањето за поврат на средства, Секторот за централно финансирање и склучување на договори постапува во согласност со Процедурата за преземање на мерки за наплата на побарувања МФРСМ.ПР.8.5/14-12 на Министерство за финансии, односно го известува Сектор за второстепена управна постапка, управни спорови и наплата на побарувања за должникот кој не го подмири побарувањето, износот и доставува соодветни пропратни документи, со цел од страна на Сектор за второстепена управна постапка, управни спорови и наплата на побарувања преземање на соодветни мерки согласно законските прописи за наплата на предметното побарување.

Во согласност со точка 5.5 од Процедурата за преземање на мерки за наплата на побарувања МФРСМ.ПР.8.5/14-12, Сектор за второстепена управна постапка, управни спорови и наплата на побарувања на годишно ниво ги известува Секторот за презремените мерки во однос на наплата на предметните

kompanisë/organizatës joqeveritare për kthimin e mjeteve me afat vullnetar prej 45 ditëve.

Nëse kompania/organizata joqeveritare nuk i kthen mjetet në afatin vullnetar, të përcaktuar me marrëveshjen dhe me kërkesën për kthimin e mjeteve, Sektori i financimit qendror dhe lidhjes së marrëveshjeve, vepron në përputhje me Procedurën e ndëmarrjes së masave për arkëtimin e kërkesave MFRMV.PR.8.5/14-12 të Ministrisë së Financave, përkatësisht informon Sektorin e procedurës administrative të shkallës së dytë, kontesteve administrative dhe arkëtimit të kërkesave lidhur me debitorin që nuk ka shlyer kërkesën, përkatësisht vlerën, si dhe dorëzon dokumente përaktëse përcjellëse, me qëllim që Sektori i procedurës administrative të shkallës së dytë, kontesteve administrative dhe arkëtimit të kërkesave, të ndërmarrë masa përkatëse sipas rregullave ligjore për arkëktimin e kërkesës në fjalë.

Në përputhje me nenin 5.5 të Procedurës së ndërmarrjes së masave për arkëtimin e kërkesave MFRMV.PR.8.5/14-12, Sektori i procedurës administrative të shkallës së dytë, kontesteve administrative dhe arkëtimit të kërkesave, në nivel vjetor informon Sektorin lidhur me masat e ndërmarra sa i përket arkëtimit të kërkesave në fjalë.

побарувања.

Дополнително ограничување за имплементирање на препорака е кога компанијата/невладината организација со која ЦФЦД има склучено договори се регистрирани и основани во странство.

Kufizim shtesë, sa i përket implementimit të rekomandimeve, paraqitet në rastet kur kompania/organizata joqeveritare është regjistruar dhe themeluar jashtë vendit, me të cilën CFCD-ja ka nënshkruar disa marrëveshje.

Ви благодариме на соработката.

Ju faleminderit për bashkëpunimin.

Со почит,

Me respekt,

**МИНИСТЕР/MINISTËR**
**Dr. Fatmir Besimi**

Изготвил/Përgatiti: Арјета Адили
Тоше Пановски
Бобан Паунов
Проверил/Verifikoi: Бари Исени
Ермира Фида
Одобрил/Miratoi: Лилјана Ѓуровска
Аница Ивановска Стрезовски
Согласен/Pajtohet: д-р Јелена Таст


Министерство за финансии на/ Ministria e Financave e
Република Северна Македонија/ Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
"Dame Gruev" nr. 12, Shkup
+389 2 3255356
www.finance.gov.mk
МФРСМ. Ф.8.5/13-5/
MFRMV. F.8.5/13-5
издание 3 / botimi 3

**Прилог број 2**

**Одговор**
**на забелешки/коментари/известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 03.11.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансискиот извештај и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерството за финансии – Функции на државата (во натамошниот текст Функции на државата) на сметката на основен буџет (637) број 11-990/2 од 22.09.2022 година, од овластеното лице на Министерството, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-990/4 од 03.11.2022 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1.** која се однесува на исплатените средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за следење на изборите за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје, за кои во Законот на извршување на буџетот за 2021 година не е уредено дека за финансирање на активностите од изборите во 2021 година ќе се користат средствата од раздел 090.02-Функции на државата, **преставува известување** за начинот на постапување на Министерството согласно законската регулатива, кое ревизијата го имаше во предвид во текот на извршување на ревизијата и за прифаќањето на дадената препорака за надминување на констатираната состојба.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 6.2.** која се однесува на извршениот поврат на средства од разделот Функции на државата кон Европската Комисија, **преставува известување** за начинот и постапката на склучување на договори финансирани од ИПА како и дека при подготовка на тендерските досиеја, објавувањето на тендерите и склучувањето на договорите, потребно е да се почитуваат процедурите и обрасците на договорите утврдени во практичниот водич за спроведување на надворешните акции (ПРАГ), кои важат за сите земји кои не се членки на Европската унија, а користат помош од ИПА или други видови на помош од Европската Унија, кои состојби ревизијата ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата и за истите соодветно ќе изврши дополнување на образложените состојби во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Имајќи го предвид член 29 од Рамковната спогодба[1], каде е уредено дека РСМ исплатените средства кон Европската комисија треба да ги наплати од оние кои извршиле измама или добиле корист од истата согласно одредбите пропишани во националните закони, овластениот државен ревизор известува дека потребно е РСМ во иднина да преземе активности за обезбедување на договорите за техничка помош, во насока на склучување на акти/договори со корисниците на помошта, со извршна клаузула со сила на нотарски акт, со што ќе се обезбеди непречен поврат на средства во Буџетот на РСМ, во случај по констатирани неправилности или измами, откриени од страна на Европската канцеларија за борба против измама ОЛАФ, исплатата на средствата кон Европската Комисија да е извршена од Буџетот на РСМ, што соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

[1] Рамковната спогодба помеѓу РСМ и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за РСМ во рамки на спроведување на помошта според ИПА склучена на 30.10.2007 година